**20090060168**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 172 став 4 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/05, 81/05 и 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.01.2009 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со Програмата за инвестирање во животната средина за 2009 година се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2009 година.

Член 2

(1) Средствата за реализирање на Програмата за инвестирање во животната средина се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животна средина, во износ од 163.000.000,00 денари.

(2) Средствата од Програмата ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животна средина.

Член 3

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 4

Средствата од членот 2 на оваа програма, се распоредуваат за следните намени:

1. Реализирање на проекти и активности за управување со отпад:

1.1. Изработка на Планови и Програми за управување со отпад согласно член 18 и 19 од Законот за управување со отпад („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04 и 107/07);

1.2. Изработка на проектна документација за интегрирано управување со отпад (селектирање, собирни центри, преработување на отпад и остранување на отпад и др.) и поддршка за реализирање на проекти за собирање, селектирање и преработување на отпад;

1.3. Реализирање на проекти за расчистување на диви депонии;

1.4. Реализирање на проекти за санирање на депонии за комунален отпад во износ од 53.000.000,00 денари.

2. Изработка на Локални акциони планови за заштита на животната средина (ЛЕАП-и) во износ од 2.000.000,00 денари.

3. Изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 46.000.000,00 денари.

4. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 10.000.000,00 денари.

5. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 3.000.000,00 денари.

6. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 2.000.000,00 денари.

7. Поддршка на проекти и активности на невладините организации формирани заради заштита на животната средина во износ од 2.000.000,00 денари.

8. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање за 2007 и 2008 година во износ од 45.000.000,00 денари.

Член 5

(1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да користат средства за намени од точките 1(потточка 1.1., 1.2, 1.3), 2, 3, 4 и 5 од член 4 на оваа програма.

(2) Јавни претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје или градот Скопје можат да користат средства за намени од точките од 1 (потточка 1.1, 1.2, 1.4), 3, и 5 од член 4 на оваа програма.

(3) Правни и физички лица можат да користат средства за намените од точка 1 (потточка 1.2), 4, 5 и 6 од член 4 на оваа програма.

(4) Непрофитни и невладини организации (вклучувајќи универзитети и други научни институции) можат да користат средства за намените од точка 1 (потточка 1.2), 4, 5 и 6 од член 4 на оваа програма.

(5) Невладини организации формирани за заштита на животната средина можат да користат средства за намените од точка 1 (потточка 1.2), 4, 5, 6 и 7 од член 4 на оваа програма.

(6) Висината на финансиската поддршка преку Програмата е целосна или делумна за сите видови на проекти или активности и е усогласена со Законот за државна помош („Сл. весник на РМ“ бр. 24/03, 70/06 и 55/07) и со членовите 14, 15, 16, 17 и 18 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Сл. весник на РМ“ бр. 157/07).

Член 6

Со средствата од Програмата за инвестирање во животната средина можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1. Закуп на земјиште;
2. Закуп на постојни згради;
3. Трошоци направени пред 1 јануари 2009 година;
4. Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;
5. Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;
6. Општи и административни трошоци на апликантот;
7. Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;
8. Законските обврски, казни и пенали;
9. Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

Член 7

Исплатата на средствата на корисникот ќе се врши согласно договор склучен меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Корисникот.

Член 8

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-181/1
9 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.